


Култура ◇ Македонија

# Нов албум од класичната музика “Non-Fungible Scriabin Barber Bach” на пијанистката Мимоза Ќека

12/03/2022 9:58 | 234 прегледи

Новиот албум од класичната музика со дела од Самуел Барбер, Јохан Себастијан Бах и Александар Скрјабин на пијанистиката Мимоза Ќека е веќе достапен за слушање на платформите YouTube, Spotify, Apple Music, Deezer, Amazon Music.

Албумот кој носи наслов “Non-Fungible Scriabin Barber Bach”, претставува прва соло албумска објава на пијанистката, а обединува повеќе музички стилови почнувајќи од барокна музика, романтизам и современа класична музика на 20тиот век.

Во албумот се содржани две пијано – сонати и токата, а Сонатата оп. 26 од американскиот композитор Самуел Барбер е премиерно изведена и снимена на просторот на Република Северна Македонија од страна на пијанистката.

Мимоза Ќека пијано започнува да учи на петгодишна возраст, додипломските студии по пијано ги завршува во класата на проф. Тодор Светиев при Факултетот за музичка уметност во Скопје, магистрира под менторство на проф. Лилија Зилберштајн, а во 2021 година се стекнува со титулата доктор по музичка уметност. Настапува во рамки на фестивалите Златна лира, Нов културен бран, Есенски Музички свечености, Денови на македонска музика, Festival international de piano Jeunes Talents во Франција, Сиена летен Фестивал на класична музика во Италија, Солеј – Фестивал на Франкофонијата во Бугарија, Интернационален фестивал Concerti del Tempietto во Театро Марчело Рим, Италија, Музички недели во Париз, како и во склоп на концертната сезона на Bristol Music Club во Обединето Кралство.

Посебно се издвојува нејзиниот настап со Симфонискиот оркестар на ФМУ-Скопје, под диригентство на маестро Саша Николовски – Ѓумар со изведба на Концертот бр. 2 за пијано и оркестар од К. Сен-Санс. Настапува и во камерни состави, со ансамблот ConTempora, дуо пијано, а остварува и пијано соработка. Мимоза Ќека е ангажирана на Факултетот за музичка уметност во Скопје како поканет уметник – стручњак од практика и е член на Сојузот на Музички Уметници на Македонија.

FACEBOOK

Lokalno
37,517 followers

Follow Page

Lokalno
40 minutes ago

И оваа година Индексо
корупцијата кој го објаі
Интернешнл, покажува
далеку подминимумот
долната граница под к
кажедека една земја и
активности насочени к
корупцијата. Во новиот
индексот на перцепциј
корупцијатаимаме 40 г
поена помалку од мин
бележиме пад од дури
табелата заземајќи ја

НАЈНОВО



Клиі
трик
11/0



Д
Лејк
след
Фер
11/0



Откр
лице
синс
11/0



П
Дон
11/0